# (ВИДЕО) Боки 13 „одлепи“ по Златна Бубамара

26/02/2018



Бојан Јованоски познат како Боки 13, за време на прикажувањето на „Златна Бубамара“ на телевизија, се вклучи со видео во живо на Фејсбук, за да каже дека не му се допаѓа манифестацијата. Боки почна војна со Ранко Бубамара, велат следбениците на социјалните мрежи.

Боки 13 во видеото раскажува дека шоуто било досадно. „Едно исто видено сто пати, со добри фори, ама и досадни фори. Секој може стед ап комедија да прави“, вели Јованосваки.

Тој во видеото ја навреди и Маја Оџаклиевска, велејќи дека „и рикнал гласот’, но и дека Сашко Коцев, го немало никаде. Праша и зошто Лила Филиповсвка не била виканта да земе награда.

„Како е можно Лила која има најгледана емисија да не добие награда“, прашаува тој.

Тој рече дека на Бубамара и треба нешто ново нешто со кое што ќе се носи со светските трендови. Го обвини Ранко дека си игра мајтап со публиката секоја година, а не му се допаднл ни начинот на кој што е снимена и измонтирана емисијата.

„Па вака не монтираа ни во БТР телевизија“, изјави Боки 13.

Сепак го пофали водителот Сашо, за кого смета дека веројатно е единствената светла точка во целиот настан.

Бојан имаше и совет до Игор Џамбазов за кого смета дека крајно време е да се повлече од сцената, затоа што премногу им станал досаден на луѓето.

„Најдобронамерно ти велам Игоре дека тие околу тебе ти прават лицемерие. Време ти е да се повлечеш, да оставиш малку простор и време, па повторно појави се со нешто ново“, вели Боки 13.